**20261482124**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2026 година.

Бр. 08-4364/1
29 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 236/22), во член 20 во ставот (1) по зборовите: „внук или внука,“ се додаваат зборовите: „како и други сродници во странична линија до четврти степен,“.

Во ставот (2) по зборот „шура,“ се додаваат зборовите: „како и за сродниците во странична линија од четврти степен,“.

Член 2

Во членот 27 зборовите: „може да се врши обдукција на умрениот согласно закон“ се заменуваат со зборовите: „се врши судско-медицинска обдукција“.

Член 3

Членот 28 се менува и гласи:

„(1) Секое деловно способно лице, при првата посета на својот избран лекар по полнолетството, задолжително дава писмена изјава дали се согласува по неговата смрт да биде дарител на органи и ткива заради лекување.

(2) Изјавата од ставот (1) на овој член, дателот може да ја промени во секој момент преку писмена изјава пред својот избран лекар.

(3) Изјавите од ставовите (1) и (2) на овој член, се евидентираат во Националната листа на лица коишто изјавиле согласност да бидат дарители на органи и ткива заради лекување по нивната смрт во Националниот систем за електронски евиденции во здравството.

(4) Формата и содржината на образецот на изјавата од ставот (1) на овој член, како и начинот на давање и промена на истата, го пропишува министерот за здравство.“.

Член 4

Во член 35 во ставот (4) зборовите: „Министерството за здравство“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија – МАЛМЕД”.

Во ставот (10) по зборот „здравство“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот (11) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

По ставот (11) се додава нов став (12), кој гласи:

„(12) По исклучок од ставот (1) на овој член, Центарот за трансплантација може да прими донација на ткива исклучиво за сопствени потреби и да изврши увоз на истите.“.

Член 5

Во член 54 став (1) по точката 10) се додава нова точка 11), која гласи:

„11) води Национална листа на лица коишто изјавиле согласност да бидат дарители на органи и ткива заради лекување по нивната смрт во Националниот систем за електронски евиденции во здравството.“.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Формата, содржината и начинот на водење и пристап до податоците во Националната листа од ставот (1) точка 11) на овој член, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за здравство.“.

Член 6

Во член 55-г во ставот (1) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 7

Во членот 72-а зборовите: „Министерство за здравство” се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија - МАЛМЕД“.

Член 8

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија„ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 9

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членот 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 октомври 2026 година.